ВЛАТКО И БОДАН



# „ЗОДИЈАК“ ВО ПРОДАВНИЦИТЕ

Од денес во неколку приватни продавници во Скопје се наоѓаат **компакт дискот** и **касетата** со музиката од балетската претстава **„Зодијак“.** Музиката што ја напишаа и исполнија **Влатко Стефановски** и **Бодан Арсовски,** „гитаристичката“ половина на **„Леб и сол“** е отпечатена на етикетата на малата издавачка куќа **„Трето уво“**, што на свој начин влегува во историјата на македонската естрада. Имено, **„Зодијак“** е насловот на првата дигитална плоча што ја издава еден македонски издавач. Синоќа во кафулето **„Рома“** се одржа и промоцијата на ова занимливо издание. Што се однесува до **„Леб и сол“** пак, единствената новина со популарната четворка е таа што по десетина дена групата ќе замине во **Ирска,** каде ќе ја претставува нашата земја на традиционалниот **рок концерт** на **Европската радиодифузна унија.**

Вечер 4-10-90 Стр 34